Уп. бр. 08-93

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д., со седиште лоцирано на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија, преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 16.06.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д., со седиште лоцирано на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија, ќе стекне самостојна контрола над АДДИКО БАНК АГ со седиште на Канетти Тауер, Канеттиштрассе 5/06 12 1100 Виена Австрија, преку доброволна јавна понуда за преземање за стекнување контрола, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 21.05.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д., со седиште лоцирано на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија, со која НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д. ќе стекне самостојна контрола над АДДИКО БАНК АГ со седиште на Канетти Тауер, Канеттиштрассе 5/06 12 1100 Виена Австрија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д. следи универзален банкарски модел кој опфаќа малопродажно, корпоративно и инвестициско банкарство, како и управување со средства, банкарско осигурување и лизинг. НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д. е водечка банка во Словенија и исто така најголемата финансиска групација, мерено според средствата, со седиште во нејзиниот матичен регион на Југоисточна Европа во земјите од поранешна Југославија.
НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА работи на голем број стратешки странски пазари и моментално има банкарски операции во пет други земји, имено Босна и Херцеговина (каде работи преку две банки, една во Федерацијата и една во Република Српска), Црна Гора, Косово, Република Северна Македонија и Србија. Во секоја од овие земји, групацијата НЛБ има силна пазарна позиција со пазарни удели (мерени според средствата) што надминуваат приближно 10%. Покрај тоа, НЛБ работи со подружници за инвестициско/управување со средства и лизинг на овие пазари, како и во Хрватска преку Мобил Лизинг, Загреб.
НЛБ Групата во Република Северна Македонија моментално има 3 поврзани друштва:
-НЛБ Банка АД Скопје со седиште на ул. „Водњанска“ бр. 1 Скопје, со ЕМБС 4664531, со приоритетна дејност-друго монетарно посредување,
-Друштво за лизинг НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО Скопје со седиште на ул.„ Водњанска“ бр. 1 Скопје со ЕМБС 7628838, со приоритетна дејност финансиски лизинг, и
-Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови НЛБ ФОНДОВИ АД Скопје со седиште на бул. „Партизански одреди“ бр. 14А-1/2 Скопје со ЕМБС 6364578, со приоритетна дејност: дејности на управување со фондови.

Аддико Групата е специјализирана банкарска групација која се фокусира на обезбедување банкарски производи и услуги за потрошувачите и малите и средни претпријатија (МСП) во Централна и Југоисточна Европа (ЦИЕ). Групацијата се состои од АДДИКО БАНК АГ, целосно лиценцирана австриска матична банка регистрирана во Виена, Австрија, котирана на Виенската берза и надгледувана од австрискиот финансиски пазар и од Европската централна банка, како и шест банки-ќерки, регистрирани, лиценцирана кои работат во пет земји од ЦИЕ: Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина (каде што работи преку две банки), Србија и Црна Гора.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**